**Одговор на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На ден 08.04.2015 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките за обезбедување на квалитетот на воздухот во Република Македонија“ бр. 10-2977/2 од 06.04.2015 година, од одговорното лице на Министерството за животна средина и просторно планирање, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-314/6 од 08.04.2015 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Во однос на мислењето дадено во воведот на забелешките кое се однесува на периодот опфатен со ревизијата на успешност, односно потребата од опфат на подолг период со цел да се согледаат преземените активности и постигнати резултати од страна на МЖСПП и МИЦЖС, ревизијата укажува дека во делот Резиме на резултатите од Нацрт извештајот е истакнато - „Периодот кој беше опфатен со нашата ревизија е 2012– 2014 година, а дадени се состојби и настани кои се случиле и претходно и последователно“.
   Со извршената ревизија опфатена е документација која се однесува и на годините station наназад а поврзани со темата, но со оглед на утврдениот период на ревизија во самиот Нацрт извештај опфатени се активностите кои во најголем дел се однесуваат на периодот 2012, 2013 и 2014 година.

2. Забелешката на констатираната состојба истакната на страна 2 од Нацрт извештајот дел Резиме на резултатите, која се однесува на некомплетната оценка за квалитетот на воздухот, **не се прифаќа,** од причина што субјектот не ја оспори комплетноста но дава свое видување дека иако за некои мерни места земена е предвид помала покриеност со податоци сепак е релевантен документ. Во текстот на забелешката поголемо внимание е посветено на тоа дека МЖСПП известува до меѓународни тела за напредокот кој е постигнат од страна на МЖСПП, како и информација за објава на податоци преку порталот за квалитетот на воздухот кој постои од 2012 година, што не влијае како активност врз оценката на квалитетот на амбиентниот воздух.

3. Забелешките на делот Резиме на резултатите, страна 3 - параграф 2, се поврзани со точка 2.1. од делот Ревизорски наоди, а кои се однесуваат на оперативните планови за имплементација на донесените мерки за заштита на воздухот по институции на централно и локално ниво како и за инсталациите, ревизијата се произнесува како што следува:

- Во однос на забелешката за оперативните планови на инсталациите, а која се однесува на инсталациите кои подлежат на А-ИСКЗ и Б-ИСКЗ , а кои во рамките на дозволата имаат оперативни планови со дефинирани мерки и рокови **не се прифаќа,** поради тоа што состојбата констатирана во точка 2.1 од делот Ревизорски наоди се однесува на оперативни планови за имплементација на поединечните мерки од страна на инсталациите предвидени во Националниот план за заштита и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух (мерки од индустрискиот сектор, мерки за спроведување во енергетскиот сектор, мерки за спроведување од секторот отпад). Состојбата констатирана во наодот и резимето не се однесува на оперативните планови за инсталациите кои подлежат на ИСКЗ дозволи како што е посочено во забелешките.

- Во однос на забелешката за оперативните планови за реализација по институции на централно и локално ниво, која се однесува на тоа дека дефинираните мерки во Националниот план за заштита на воздухот кои се во надлежност на државните органи и ЕЛС детално се разработуваат и распределуваат на надлежни институции на Комитетот за животна средина и здравје **не се прифаќа** поради тоа што не се доставени дополнителни докази за промена на состојбата во наодот во точка 2.1. , а дадените образложенија ревизијата ги имаше во предвид при утврдување на констатациите во Нацрт извештајот.

4. Забелешката која се однесува на дел Резиме на резултатите, страна 3 параграф 3, претставуваат **појаснување** на одреден термин и истата **се прифаќа,** во функција на допрецизирање на текстот од Резимето.

5. Забелешката која се однесува на страна 4 параграф 1 всушност се однесува за страна 5 дел Основни податоци, претставува **прецизирање** на одреден термин. Истата **се прифаќа,** во функција на допрецизирање на текстот.

6. Забелешката на страна 11 на делот Основни податоци, која се однесува дека помеѓу цитираните надлежни институции кои имаат обврска и треба да преземат активности со цел подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух е и Министерството за транспорт и врски, **се прифаќа** и е составен дел на Конечниот извештај.

7. Забелешката на страна 28 параграф 3 од делот Ревизорски наоди точка 1.2. всушност преставува дополнување на реченицата„ преку државната мрежа не се обезбедува постојан мониторинг“ истата **се прифаќа** во функција на доопрецизирање на текстот во наодот.

8. Забелешката на констатираната состојба од делот Ревизорски наоди точка 1.4,

**не се прифаќа**, поради тоа што посочениот извештај не е презентиран на ревизијата ниту во фазата на вршење на ревизијата ниту во фазата на забелешки по Нацрт извештај. Причина за неизготвениот извештај по укажување на вработените од МИЦЖС е немање на доволен капацитет за изготвување на истиот.

9. Забелешката на констатираната состојба од делот Ревизорски наоди, точка 3.3, **не се прифаќа**, од причина што истата иако е појаснување не е во контекст на ревизорскиот наод, односно нема влијание врз состојбата опишана во ревизорскиот наод.

10. Коментари/известувања упатени на **дадените препораки** и тоа:

- Коментарот за Препорака 2, **не се прифаќа**, од причина што во препораката е наведено дека МЖСПП односно МИЦЖС да преземе активности за изготвување на Годишна Програма за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, при што е дадено појаснување дека истата треба има интерсекторски карактер, односно во истата да бидат опфатени сите сектори засегнати со проблематиката поврзана со медиумот воздух;

- Коментарот по однос на Препорака 3, претставува **известување** за преземени активности од страна на МЖСПП – МИЦЖС. Преземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во наодот од Конечниот извештај, но препораката не се менува од причина што преземената активност е само дел од наведените активности кои МЖСПП, треба да ги спроведе.

- Коментарот по однос на Препорака 4, претставува **известување** за преземена активност од страна на МЖСПП – МИЦЖС, по однос на изготвен инвентар за емисии на територијата на РМ за 2013 година и истиот е доставен до Европската агенција за животна средина на 13.02.2015 година, но извештај сеуште не е изготвен. Препораката е делумно спроведена и истата во Конечниот извештај е прилагодена согласно преземените активности.

- Коментарот по однос на Препорака 15, **не се прифаќа**, поради тоа што истиот не ја менува во суштина препораката која се однесува на интерсекторска поврзаност.

Дадените препораки за преземање на мерки и активности за подобрување на квалитетот на воздухот ревизијата ги насочи до надлежните институции кои со реализацијата на истите ќе придонесат до поефикасно и поефективно управување со медиумот воздух .

---

*Ревизорска екипа:* *Овластен државен ревизор*

1. ____________________________
2. ____________________________ ____________________________
3. ____________________________